# ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ

## 2024

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ 2024


## Издавач

Македонски центар за меѓународна соработка

## За издавачот

Александар Кржаловски, Директор



## Автор

Фанија Ивановска



ISBN 978-608-4848-62-2

Скопје, февруари 2025 г.



## Контакт

МЦМС

| | |
|---|---|
| адреса: | ул. Никола Парапунов бр. 41а; поштенски фах 55, 1060 Скопје; |
| Тел. | +389 76 365 381; |
| е-пошта: | mcms@mcms.mk |
| Веб-страница: | https://www.mcms.mk |
| SlideShare: | https://www.slideshare.net/mcms_mk |
| Facebook: | https://www.facebook.com/mcms.mk |

Цивика мобилитас

| | |
|---|---|
| е-пошта: | helpdesk@civicamobilitas.mk |
| веб-страница: | https://www.civicamobilitas.mk/ |
| Facebook: | https://www.facebook.com/civicamobilitas/ |



Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската влада, кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Владата на Швајцарија или организациите што ја спроведуваат.



Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Содржина


Вовед ... 4

Термини и дефиниции ... 4

Методологија и пристап ... 4

- Прашалник ... 4
- Примерок ... 4
- Обработка и прикажување на резултатите ... 5

Клучни наоди ... 6

- Облици на здружување во поддршка на граѓаните ... 6
- Учество во непартиски, политички активности ... 6
- Причини за неучество во непартиски, политички активности ... 6
- Членство во граѓански организации ... 6

Облици на здружување што придонесуваат за поддршка на граѓаните ... 7

Подготвеност за учество во непартиски активности ... 9

Причини за неучество во непартиски политички активности ... 12

Членство во граѓански организации ... 14

Причини за нечленување во граѓански организации ... 15

Искуства и подготвеност за волонтирање во граѓански сектор ... 18

Прилог 1 Прашалник ... 24

Прилог 2. Структура на примерок ... 26

## Вовед

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Македонија", кои се однесуваат на граѓанската вклученост,[1][2] а која беше спроведена по десетти пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Северна Македонија.[3] Целта на истражувањето беше да се испитаат ставовите и искуствата на граѓаните во однос на учеството во граѓански организации, непартиски политички активности и волонтерство, како и причините за (не)вклученост и мотивацијата за граѓански ангажман.

## Термини и дефиниции

Во македонската јавност и во стручните кругови не постои взаемно разбирање на концептот (дефиницијата) на граѓанското општество. Во овој извештај е употребена дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2009). Оваа дефиниција гласи „Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси".

Според оваа дефиниција, во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници.

## Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници во периодот  од 20 април до 25 мај 2024 година.

### Прашалник

Поголем дел од прашањата се засновани на искуствата и глобалните истражувања за социо-културните норми: Европската студија на вредности; Европскиот барометар; и Цивикус - Индексот на граѓанското општество. Другиот дел од прашањата се од претходните истражувања на МЦМС, кои ја испитуваа довербата и општествената одговорност на граѓаните.

### Примерок

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1000 испитаници, 50,7% беа жени, а 49,3% мажи. Во однос на етничката застапеност етничките Македонци беа застапени со 73,4%, етничките Албанци со 19,5%, другите етнички групи беа застапени со 7,1%. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 38,0%, додека градската со 62,0%. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

---

[1] Извештајот за довербата во луѓето и институциите е објавен посебно и може да се најде на: https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2648-opshta-doverba-i-doverba-vo-instituciite-2024.html

[2] Извештајот за довербата во граѓанското општество е објавен посебно и може да се најде на: https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2665-doverba-vo-gragjanskoto-opshtestvo-2024.html

[3] Претходните извештаи може да се најдат на: https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со ниво на доверба од 95% и со грешка од +/-3%. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Исто така се прикажани покрај бројките и трендовите во однос на претходното истражување спроведено во 2021 година, за оние податоци кои се споредливи со нив. Исто така за подобрување на анализата на податоците се употребени одредени индекси.

Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба употребени се и индекси.

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

# Клучни наоди

## Облици на здружување во поддршка на граѓаните

Црквите и верските заедници (23,1%) се најчесто наведениот облик на здружување за кој граѓаните сметаат дека најмногу придонесува за поддршка на нивните потреби, а политичките партии најретко (5,3%). Забележливи се регионални разлики: граѓанските организации се почесто посочени во Југозападниот (25%) и Пелагонискиот регион (23,3%), а синдикатите во Источниот регион (28,8%).

## Учество во непартиски, политички активности

Најчесто споменувани форми на учество се потпишување петиција и учество во мирен протест (21,1% и 24,8%), додека кај сите други активности учеството е под 7%. Споредбата со 2021 година покажува пад кај сите форми на учество, особено кај категоријата „Не, но би учествувал/а“, каде се бележат значителни намалувања (од 21,4 до 24,5 пп).

Разликите според возраста се најизразени. Младите (18–29 години) се поподготвени за учество, а со зголемувањето на возраста расте и процентот на оние што воопшто не би учествувале. Регионално, највисоки нивоа на учество има во Југоисточниот и Скопскиот регион, а најниски во Источниот и Пелагонискиот регион.

## Причини за неучество во непартиски, политички активности

Личните причини, односно недостатокот на интерес или волја за учество се најчестите причини за 46,8% од испитаниците да не учествуваат во непартиски, политички активности. Втора најчесто спомнувана причина е презафатеноста (25,3%), а трета е неинформираноста (10,3%).

Личните причини преовладуваат кај повозрасните испитаници, особено кај оние над 65 години (55,9%), додека кај младите (18–29 години) тоа е презафатеноста (28,9%) или недостигот на информации (10,2%). Во Југоисточниот и Полошкиот регион, личните причини го спречиле учеството во непартиски, политички активности на над 60% од испитаниците, а во Вардарскиот и Југозападниот регион, причината била неинформираноста (27,5%, односно 18,0%).

## Членство во граѓански организации

Членството во граѓански организации е на исклучително ниско ниво, само 4,2% од испитаниците изјавиле дека членуваат во граѓанска организација. Причините за нечленување најчесто биле лични (недостаток на интерес или одбивање да се членува) за 33,8% од испитаниците, а презафатеноста и неинформираноста за 24,5% и 7,9% од испитаниците. Повозрасните испитаници почесто наведуваат лични причини, а неинформираноста е најзастапена кај младите и кај испитаници од рурални средини и од Североисточниот регион.

Интересот за волонтирање е највисок за социјални и хуманитарни организации, каде што 30,1% од испитаниците изјавиле дека веќе волонтирале или би сакале да волонтираат. Подготвеност за вклучување е исто така има за еколошки организации (26,5%) и организации за култура и образование (23,3%). Жените, младите (18–29 години), етничките Албанци и жителите од руралните средини, почесто изразувале подготвеност за волонтерска активност, особено во области што се однесуваат на заштита на човекови права, животна средина и социјална помош. Наспроти тоа, отпорот кон волонтирање е најизразен кај постарите испитаници (65+) и кај мажите.

## Облици на здружување што придонесуваат за поддршка на граѓаните

На прашањето „Кој од следниве облици на здружување најмногу придонесува за поддршка на вашите потреби?“, речиси половина од испитаниците (46,8%) одговориле дека не знаат или одбиле да одговорат (графикон 1).

Меѓу оние што дале конкретен одговор, најчесто биле споменувани црквите и верските организации (23,1%), што укажува на нивната силна присутност и улога во заедницата. Граѓанските организации (12,8%) и синдикатите (12,0%) се препознаени со слична застапеност, додека политичките партии се најретко посочени (5,3%), што говори за ограниченото препознавање на овие облици на здружување како релевантни актери во обезбедувањето поддршка за граѓаните.

*Графикон 1. Облици на здружување кои најмногу придонесуваат за поддршка на потребите на граѓаните (%)*




Анализата на демографските податоци покажува одредени разлики во перцепцијата за тоа кој облик на општествено здружување најмногу придонесува за поддршка на потребите на граѓаните (табела 1).

*Табела 1. Перцепција за облици на здружување што најмногу придонесуваат за поддршка на потребите според пол, возраст и етничка припадност (%)*

| Облици на здружување | Мажи | Жени | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ | Етн. Мак. | Етн. Алб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цркви и верски организации | 22,9 | 23,3 | 27,7 | 14,0 | 16,6 | 22,6 | 34,8 | 24,1 | 18,5 |
| Синдикати | 12,0 | 12,0 | 6,0 | 12,4 | 16,1 | 14,2 | 9,8 | 13,9 | 6,2 |
| Политички партии | 5,1 | 5,5 | 3,6 | 7,5 | 8,3 | 2,9 | 4,4 | 5,9 | 5,1 |
| Граѓански организации | 9,9 | 15,6 | 16,9 | 14,5 | 11,2 | 15,5 | 6,4 | 12,8 | 12,8 |

Во однос на полот, не се забележуваат поголеми разлики, освен кај граѓанските организации, кои се почесто посочени од жените (15,6%) во споредба со мажите (9,9%). Но, возраста игра значајна улога, црквите и верските организации најчесто се посочени од испитаниците на возраст од 65 и повеќе години (34,8%), додека граѓанските организации се почесто издвоени од најмладите (18–29 години) со 16,9%. Сличен возрасен образец се забележува и кај

синдикатите, кои се ретко наведени од младите (6,0%), а најчесто од групата 40–49 години (16,1%). Политичките партии се најретко наведени како облик што придонесува за поддршка, со највисока вредност кај испитаниците од 40–49 години (8,3%).

Кај етничката припадност, црквите и синдикатите почесто се наведени од етничките Македонци (24,1% и 13,9%), додека кај етничките Албанци овие вредности се пониски (18,5% и 6,2%). Кај граѓанските организации и политичките партии не се забележуваат значајни разлики, што укажува на слични ставови меѓу двете групи во однос на овие облици на здружување.

Иако одговорите не отстапуваат значително според местото на живеење (рурално или урбано), податоците по плански региони откриваат одредени географски разлики во перцепцијата за тоа кои облици на здружување најмногу придонесуваат за поддршка на потребите на граѓаните (табела 2).

*Табела 2. Перцепција за облици на здружување што најмногу придонесуваат за поддршка на потребите според плански региони (%)*

| Облици на здружување | Скопски | Југоисточен | Источен | Североисточен | Вардарски | Југозападен | Полошки | Пелагониски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цркви и верски организации | 26,7 | 17,5 | 6,3 | 15,0 | 37,5 | 32,0 | 13,1 | 27,5 |
| Синдикати | 13,3 | 3,8 | 28,8 | 7,5 | 2,5 | 21,0 | 4,6 | 12,5 |
| Политички партии | 0,6 | 16,3 | 1,3 | 5,0 | 15,0 | 4,0 | 9,2 | 4,2 |
| Граѓански организации | 4,2 | 22,5 | 20,0 | 2,5 | 21,3 | 25,0 | 6,2 | 23,3 |

Па така, на регионално ниво, црквите и верските организации се најчесто наведувани во Вардарскиот (37,5%) и во Југозападниот регион (32,0%), што укажува на нивната силна позиција во овие средини. Од друга страна, нивниот удел е најнизок во Источниот регион (6,3%), каде овие форми на здружување речиси и не се препознаваат како значаен извор на поддршка. Граѓанските организации најчесто се посочени како облик што придонесува за поддршка на потребите на граѓаните во Југозападниот (25,0%), Пелагонискиот (23,3%) и Југоисточниот регион (22,5%). Во Скопскиот регион, пак, само 4,2% од испитаниците ги издвоиле како форми на здружување кои придонесуваат за поддршка на нивните потреби, а во Североисточниот регион тој процент е најнизок, 2,5%, што укажува на ниска перцепција за нивната улога во овие средини.

Синдикатите, иако генерално се посочени од помал дел од испитаниците, најчесто се наведени како облик на здружување што придонесува за поддршка на потребите на граѓаните во Источниот (28,8%) и Југозападниот регион (21,0%), додека најмалку се спомнати во Вардарскиот (2,5%) и Југоисточниот регион (3,8%).

Политичките партии, исто така се релативно ретко наведувани како облик што придонесува за поддршка на граѓанските потреби, но се појавуваат со повисоки вредности во Југоисточниот (16,3%) и Вардарскиот регион (15,0%). Во останатите региони нивната улога е помалку препознаена, со најниски вредности во Источниот (1,3%) и Скопскиот регион (0,6%).

## Подготвеност за учество во непартиски активности

Учеството во непартиски, политички активности е мерено преку одговорите на испитаниците дали и колку често се вклучувале во форми на ангажман како потпишување петиции, учество во мирни протести, герила акции и флешмоб, како и во бојкоти и блокирање патишта и објекти. За секоја активност, испитаниците имале можност да одберат дали веќе се имаат вклучено, дали би се вклучиле или не би учествувале воопшто.

Највисоко ниво на досегашно учество е забележано кај учеството во мирен протест, каде 24,8% од испитаниците изјавиле дека се вклучиле во последните пет години, а уште 25,3% дека би учествувале, што укажува дека околу половина од населението го смета овој тип на ангажман за прифатлив начин на искажување став. Слична подготвеност за ангажман е забележана и кај потпишување петиции, 21,1% изјавиле дека веќе потпишале петиција, а 25,7% дека би го сториле тоа.

Значително помал е процентот на оние кои се придружиле на бојкот (6,4%), блокирале патишта, згради и институции (5,4%), учествувале во флешмоб (2,5%) или во герила акции (1,4%). Најголем отпор постои кон неконвенционалните облици на активизам, 87,5% изјавиле дека никогаш не би учествувале во герила акција, додека 80,8% се изјасниле исто за флешмоб. Голем дел од граѓаните, исто така ги одбиваат учеството во бојкот (68,2%) и блокирање патишта (74,8%) како форми на политички, непартиски активности.

Овие податоци покажуваат дека традиционалните, мирни и неконфронтациски форми на учество се најприфатени кај јавноста, додека неконвенционалните облици на ангажман предизвикуваат значителен отпор. Истовремено, процентот на граѓани кои би се приклучиле на вакви активности е речиси еднаков со оние кои веќе се имаат вклучено, што покажува потенцијал за зголемена граѓанска мобилизација.

*Графикон 2. Подготвеност за учество во непартиски активности*




Во споредба со 2021 година, податоците од 2024 упатуваат на намалување и на реалното учество и на потенцијалната подготвеност на граѓаните да се вклучат во непартиски политички активности (табела 3). Најзабележителен пад е регистриран кај категоријата „Не, но би

учествувал/а“, односно кај испитаниците кои не учествувале, но покажуваат отвореност за идно учество.

Кај потпишување петиција, процентот на испитаници кои изјавиле дека би учествувале е намален за 21,4 пп (од 47,1% во 2021 на 25,7% во 2024), додека кај бојкот изнесува 17,9 пп (од 38,2% на 20,3%), а кај блокирање патишта и објекти 20,4 пп (од 34,1% на 13,7%). Сличен тренд е присутен и кај помалку застапените форми на активизам, учеството во герила акции бележи најголем пад од 24,2 пп (од 28,4% на 4,2%), додека кај флешмоб активностите падот изнесува 22,2 пп (од 27,2% во 2021 на 5,0% во 2024 година).

Од друга страна, расте бројот на граѓани кои не се подготвени да се вклучат во ваков тип активности. Кај герила акции, процентот на испитаници кои изјавиле дека не би учествувале се зголемил за 24,5 пп (од 63,0% во 2021 на 87,5% во 2024). Сличен тренд е забележан и кај флешмоб (+18,4 пп), бојкот (+20,0 пп) и блокирање патишта (+21,7 пп).

Овие податоци укажуваат на опаѓање на граѓанската мотивација и доверба во ефективноста на ваквите облици на делување. Намалувањето не се однесува само на активното учество, туку и на потенцијалната спремност на граѓаните да се ангажираат во иднина.

*Табела 3. Споредба на учество во непартиски, политички активности (2021–2024)*

| Учество во непартиски активности: | Да, сум учествувал во последните 5 г. | | Не, но би учествувал | | Не, и никогаш не би учествувал | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2021 | 2024 | 2021 | 2024 | 2021 |
| ↘ Петиција | 21,1 | 15,0 | 25,7 | 47,1 | 47,0 | 36,0 |
| ↘ Мирен протест | 24,8 | 14,1 | 25,3 | 44,6 | 45,4 | 39,0 |
| ↘ Бојкот | 6,4 | 10,5 | 20,3 | 38,2 | 68,2 | 48,2 |
| ↘ Блокирање патишта/објекти | 5,4 | 8,1 | 13,7 | 34,1 | 74,8 | 53,7 |
| ↘ Герила акции | 1,4 | 4,1 | 4,2 | 28,4 | 87,5 | 63,0 |
| ↘ Флешмоб | 2,2 | 3,8 | 5,0 | 27,2 | 80,8 | 62,4 |

Во однос на демографските разлики, податоците не покажуваат значајни отстапувања според полот, но се забележуваат јасни разлики во однос на возраста. Анализата според возраст покажува дека младите испитаници, на возраст од 30 до 39 години, почесто се вклучуваат во непартиски политички активности (табела 4).

*Табела 4. Учество во непартиски политички активности според возраста на испитаниците (%)*

| Учество во непартиски активности: | | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ Петиција | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 12,7 | 26,9 | 22,4 | 25,5 | 16,2 |
| | Не, но би учествувал | 48,2 | 31,7 | 27,8 | 13,4 | 14,2 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 31,9 | 37,1 | 41,5 | 54,0 | 65,7 |
| ↘ Мирен протест | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 11,4 | 23,7 | 30,7 | 30,5 | 24,0 |
| | Не, но би учествувал | 44,6 | 37,1 | 22,4 | 15,9 | 12,7 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 38,0 | 36,0 | 39,5 | 50,2 | 60,3 |
| ↘ Бојкот | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 6,0 | 7,5 | 9,8 | 5,0 | 3,9 |
| | Не, но би учествувал | 34,3 | 25,3 | 22,0 | 13,8 | 10,3 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 53,6 | 62,9 | 62,0 | 76,2 | 81,9 |
| ↘ Блокирање патишта/објекти | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 7,2 | 4,3 | 5,9 | 6,7 | 2,9 |
| | Не, но би учествувал | 21,1 | 19,4 | 17,6 | 7,9 | 5,4 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 64,5 | 68,3 | 69,8 | 80,3 | 87,7 |
| ↘ Герила акции | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 2,4 | 1,1 | 2,0 | 1,7 | 0,0 |
| | Не, но би учествувал | 12,0 | 6,5 | 0,0 | 2,5 | 2,0 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 73,5 | 86,6 | 89,3 | 91,6 | 93,1 |
| ↘ Флешмоб | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 4,8 | 4,3 | 2,0 | 0,8 | 0,0 |
| | Не, но би учествувал | 14,5 | 5,4 | 2,0 | 3,3 | 2,0 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 67,5 | 80,1 | 77,1 | 86,2 | 89,7 |

Највисоко учество е забележано кај возрасната група од 30–39 години, особено кај потпишување петиции (26,9%) и учество на мирни протести (23,7%). Кај младите од 18–29 години е забележан релативно висок интерес за учество, особено во категоријата „не, но би учествувал/а“, што упатува на потенцијал за ангажман, 48,2% од нив би потпишале петиција, а 44,6% би учествувале во протест. Од друга страна, постарите испитаници (50–64 и 65+) ретко се вклучуваат и покажуваат значително повисок степен на одбивање учество, особено кај активности како блокирање патишта (80,3% и 87,7% одговориле дека не би учествувале) и герила акции (91,6% и 93,1%). Овие податоци укажуваат на јасен тренд, граѓанската ангажираност преку непартиски активности е најизразена кај младите (30-39 години), а отпорот кон ваков ангажман расте со возраста.

Етничката припадност се покажува како фактор што влијае врз учеството во непартиски политички активности (табела 5). Етничките Македонци почесто изјавуваат дека учествувале во мирен протест (28,1% наспроти 17,4% кај Албанците) и се придружиле на бојкот (16,7% наспроти 7,6%), што претставува разлики од 10,7 и 9,1 пп, соодветно. Овие резултати може да упатуваат на поголема вклученост или интерес за ваков тип активности кај етничките Македонци. Кај потпишувањето петиција и останатите форми на учество не се забележуваат значителни разлики. Од друга страна, според местото на живеење, не се регистрирани позначајни отстапувања, процентите за учество се речиси идентични кај испитаниците од рурални и урбани средини, што упатува на рамномерна распределба на политичката активност независно од географската локација.

*Табела 5 Учество во непартиски политички активности според етничка припадност и место на живеење (%)*

| Учество во непартиски активности: | | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Рур. | Урб. |
|---|---|---|---|---|---|
| ↘ Петиција | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 21,5 | 21,0 | 22,4 | 20,3 |
| | Не, но би учествувал | 22,8 | 35,9 | 27,1 | 24,8 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 50,3 | 33,8 | 45,3 | 48,1 |
| ↘ Мирен протест | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 28,1 | 17,4 | 18,9 | 28,4 |
| | Не, но би учествувал | 21,1 | 39,0 | 29,2 | 22,9 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 47,4 | 35,4 | 47,9 | 43,9 |
| ↘ Бојкот | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 6,7 | 6,7 | 7,1 | 6,0 |
| | Не, но би учествувал | 17,7 | 26,2 | 22,9 | 18,7 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 71,4 | 59,0 | 66,6 | 69,2 |
| ↘ Блокирање патишта/објекти | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 6,7 | 2,6 | 4,7 | 5,8 |
| | Не, но би учествувал | 14,0 | 9,2 | 13,7 | 13,7 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 74,5 | 79,5 | 76,1 | 74,0 |
| ↘ Герила акции | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 1,6 | 1,0 | 2,6 | 0,6 |
| | Не, но би учествувал | 3,8 | 4,6 | 3,2 | 4,8 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 89,2 | 84,6 | 87,4 | 87,6 |
| ↘ Флешмоб | Да, сум учествувал во последните 5 г. | 1,9 | 4,1 | 3,2 | 1,6 |
| | Не, но би учествувал | 4,4 | 5,6 | 4,2 | 5,5 |
| | Не, и никогаш не би учествувал | 83,8 | 72,8 | 77,6 | 82,7 |

Кога се разгледуваат регионалните разлики (табела 6), Југоисточниот регион се издвојува со највисок процент на испитаници кои изјавиле дека потпишале петиција (32,5%) и учествувале во мирен протест (33,8%). Скопскиот регион води во учество во бојкот (13,6%), блокирање патишта и објекти (11,2%) и герила акции (3,3%). Полошкиот регион има највисок процент на учество во флешмоб (6,2%).

Од друга страна, највисока подготвеност за идно учество е регистрирана во Источниот регион за потпишување петиција (51,0%) и во Југоисточниот за блокирање патишта и објекти (40,0%). Додека за учество во мирен протест и бојкот, води Југозападниот регион (58,0% и

45,0%  соодветно). Највисок процент на испитаници кои изјавиле дека никогаш не би учествувале е забележан во Пелагонискиот регион за бојкот (86,7%) и потпишување петиција (68,3%), како и во Источниот регион за блокирање патишта и објекти (92,5%) и во Југоисточниот регион за герила акции (100%).

*Табела 6. Учеството во непартиски активности регионални разлики (%)*

| Учество во непартиски активности: | Да, сум учествувал во последните 5 г. | | Не, но би учествувал | | Не, и никогаш не би учествувал | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Регион | % | Регион | % | Регион | % |
| Петиција | Југоисточен | 32,5 | Источен | 51,0 | Пелагониски | 68,3 |
| Мирен протест | Југоисточен | 33,8 | Југозападен | 58,0 | Источен | 65,0 |
| Бојкот | Скопски | 13,6 | Југозападен | 45,0 | Пелагониски | 86,7 |
| Блокирање патишта/објекти | Скопски | 11,2 | Југоисточен | 40,0 | Источен | 92,5 |
| Герила акции | Скопски | 3,3 | Скопски | 10,3 | Југоисточен | 100,0 |
| Флешмоб | Полошки | 6,2 | Скопски | 10,0 | Вардарски | 97,5 |

## Причини за неучество во непартиски политички активности

Испитаниците кои не учествувале во ниту една непартиска политичка активност беа прашани за причините поради кои не се вклучиле (графикон 3). Најголем дел од нив,46,8% навеле лични причини, како што се недостаток на интерес или одлука да не се вклучуваат. Ова укажува дека кај значаен дел од населението постои лична резервираност или апатија кон вакви форми на ангажман. Втората најчеста причина е презафатеност (25,3%), односно перцепцијата дека имаат премногу обврски или недостиг на време за вакви активности, што упатува на структурни ограничувања поврзани со темпото на живот, обврските од работен и семеен карактер и слично.

Неинформираноста, која ја посочиле 10,3% од испитаниците, укажува на тоа дека дел од граѓаните немаат пристап до информации или не се доволно запознаени со можностите за вклучување. Останатите наведени причини имаат пониски стапки, како на пример: немање пристап или можност за вклучување (3,9%), не знаење како да учествува (3,5%), разни притисоци од околината (4,0%) и идеолошки несогласувања (2,2%).

Овие податоци укажуваат дека и покрај можностите за учество, кај дел од населението постојат пречки од лична или информативна природа кои влијаат на нивната одлука да останат неангажирани во непартиски политички активности.

*Графикон 3. Причини за неучество во непартиски политички активности (%)*



Анализата на причините за неучество во непартиски политички активности според возраста открива неколку генерациски разлики. Личните причини, како што се недостаток на интерес или одбивање да се учествува, најчесто наведувани од сите возрасни групи, но со највисоки вредности кај испитаниците на возраст од 65 години и повеќе (55,9%) и од 50 до 64 години (49,4%).

Презафатеноста, односно недостигот на време поради обврски, е најчесто наведена кај младите (18–29 години) со 28,9% и кај групата од 40 до 49 години (28,3%). Неинформираноста е најзастапена кај испитаниците на возраст од 40 до 49 години (12,7%) и од 18 до 29 години (10,2%), со релативно стабилни вредности и кај останатите групи. Во однос на пристапот или можноста за вклучување, највисока вредност е забележана кај младите од 18 до 29 години (6,0%). Идеолошките разлики и надворешните притисоци остануваат маргинални кај сите групи, со вредности под 5%.

*Табела 7. Причини за неучество во непартиски, политички активности според возраста на испитаниците (%)*

| Причини за неучество во непартиски политички активности | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|
| Неинформираност | 10,2 | 9,7 | 12,7 | 8,4 | 10,8 |
| Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 28,9 | 26,3 | 28,3 | 25,5 | 18,1 |
| Лични причини (нема интерес, не сака да учествува...) | 45,2 | 37,6 | 44,4 | 49,4 | 55,9 |
| Нема пристап до/можност за вклучување | 6,0 | 4,3 | 1,0 | 5,0 | 3,4 |
| Не знае како да учествува | 3,6 | 4,8 | 2,9 | 1,7 | 4,9 |
| Идеолошки разлики (вера, етникум, целта на активностите ...) | ,0 | 1,1 | 2,9 | 5,0 | 1,0 |
| Разни притисоци (од работа, семејство, пријатели...) | 1,2 | 7,5 | 3,9 | 3,3 | 3,9 |

На регионално ниво се забележуваат разлики во перцепираните пречки за учество во непартиски политички активности (табела 8). „Лични причини" (немање интерес, неподготвеност да се учествува) се најчесто наведени во Југоисточниот регион (65,0%), Полошкиот (60,0%), Источниот и Североисточниот регион (по 52,5%). Овој процент е најнизок во Вардарскиот (30,0%) и Југозападниот регион (25,0%). „Презафатеност" (многу обврски, немање време) најмногу се посочува во Пелагонискиот (33,3%), Источниот (32,5%) и Скопскиот регион (32,7%), додека е значително поретко наведена во Југоисточниот, Вардарскиот регион (по 15,0%) и Полошкиот регион (12,3%).

*Табела 8. Причини за неучество во непартиски политички активности според плански региони (%)*

| Причини за неучество во непартиски политички активности | Скоп-ски | Југо-источен | Исто-чен | Северо-источен | Вардар-ски | Југо-западен | Полош-ки | Пелаго-ниски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Неинформираност | 8,5 | 15,0 | 2,5 | 18,8 | 27,5 | 18,0 | 1,5 | 3,3 |
| Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 32,7 | 15,0 | 32,5 | 16,3 | 15,0 | 26,0 | 12,3 | 33,3 |
| Лични причини (нема интерес, не сака да учествува...) | 43,6 | 65,0 | 52,5 | 52,5 | 30,0 | 25,0 | 60,0 | 50,8 |
| Нема пристап до/можност за вклучување | 3,0 | 2,5 | 2,5 | 5,0 | 10,0 | 9,0 | 1,5 | 1,7 |
| Не знае како да учествува | 3,3 | 0,0 | 6,3 | 2,5 | 5,0 | 9,0 | 3,1 | ,0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Идеолошки разлики (вера, етникум, целта на активностите ...) | 3,0 | 0,0 | 2,5 | 0,0 | 5,0 | 4,0 | 1,5 | ,0 |
| Разни притисоци (од работа, семејство, пријатели...) | 3,0 | 2,5 | 0,0 | 0,0 | 7,5 | 7,0 | 4,6 | 7,5 |

Иако останатите причини се наведени поретко, може да се забележат локализирани разлики. „Неинформираност" е најизразена во Вардарскиот регион (27,5%) и Североисточ-ниот (18,8%), а најретка во Полошкиот (1,5%) и Источниот регион (2,5%). „Разни притисоци" (од работа, семејство, пријатели...) се спомнати најмногу во Пелагонискиот, Вардарскиот (7,5%) и Југозападниот регион (7,0%), додека „идеолошки разлики" се појавуваат во Вардар-скиот (по 5,0%) и Полошкиот (4,0%) регион. Овие податоци укажуваат на тоа дека различни региони се соочуваат со различни видови бариери за граѓанско учество.

Според етничката припадност, нема големи разлики во причините поради кои испитаниците не се вклучиле во непартиски политички активности. „Лични причини" (нема интерес, не сака да учествува) доминираат кај двете групи и се посочени од 48,1% од етничките Македонци и 46,7% од етничките Албанци. Најголема разлика е забележана кај ставот „неинформираност", кој го посочиле речиси двојно повеќе Македонци (11,6%) отколку Албанци (6,2%). Кај другите причини, презафатеност, пристап, непознавање, идеолошки разлики и притисоци, процентите се речиси идентични, што укажува на сличен образец на одговори.

Слична разлика е забележана и во однос на местото на живеење, 13,1% од испитаниците во урбани средини ја навеле неинформираноста како причина за неучество, во споредба со 5,8% во руралните. За останатите причини, процентите меѓу испитаниците од урбаните и руралните места се речиси идентични, со минимални отстапувања до 2 до 3 пп, што укажува дека испитаниците, без оглед на местото на живеење, имаат слични ставови за причините поради кои не се вклучуваат во вакви активности.

## Членство во граѓански организации

Податоците од истражувањето покажуваат дека само 4,2% од испитаниците изјавиле дека членуваат во граѓанска организација (невладина, здружение, фондација), додека големо мнозинство од 94,3% рекле дека не се членови (графикон 4). Ова укажува на многу ниско формално вклучување на граѓаните во граѓанските организации, што претставува важен индикатор за нивото на организирана граѓанска вклученост и потенцијалот за колективно дејствување во општеството.

*Графикон 4. Членство во граѓански организации (%)*



## Причини за нечленување во граѓански организации

Испитаниците кои не членуваат во граѓанска организација најчесто како причина го наведуваат недостатокот на личен интерес или одбивањето да се вклучат во вакви структури,оваа причина ја избрале 33,8% од испитаниците (графикон 5). Веднаш зад неа се практичните ограничувања, односно презафатеноста со обврски или недостигот на време (24,5%). Недовербата во граѓанското општество ја посочиле 16,8% од испитаниците, што претставува трет најчест одговор.

Неинформираноста како причина ја навеле 7,9%, додека 5,2% одговориле дека избегнуваат членство поради стигма поврзана со граѓанските организации. Другите причини се застапени во многу помал обем, како: немање пристап (3,0%), неразбирање на работата на граѓанскиот сектор (2,2%), финансиски причини (2,4%), идеолошки разлики (1,2%) и перцепирани разлики во работните услови (1,4%).

Овие податоци укажуваат на тоа дека, покрај структурните и информациските бариери, индивидуалните ставови и перцепции имаат важна улога во нечленувањето во граѓански организации.

*Графикон 5. Причини за нечленување во граѓански организации*



Согласно резултатите, не се забележуваат значајни разлики меѓу мажите и жените во однос на причините за нечленување во граѓански организации. Сепак, возраста на испитаниците се покажува како фактор кој влијае врз разликите во перцепцијата (табела 9). Недостигот на доверба во граѓанското општество најчесто го наведуваат испитаниците од возрасната група 30–39 години (25,8%) и 40–49 години (21,5%), додека кај младите (18–29) тој процент изнесува само 6,0%.

Презафатеноста е најизразена кај младите од 18 до 29 години (31,3%) и постепено се намалува со возраста, достигнувајќи најниска вредност кај лицата над 65 години (13,7%). Личните причини, како недостаток на интерес или одбивање да се членува, се присутни во сите возрасни групи, но највисоки вредности се бележат кај испитаниците од 50 до 64 години (35,6%) и над 65 години (47,5%). Причината „стигма" се јавува најчесто кај испитаниците на возраст од 40 до 49 години (7,3%), додека неинформираноста е најизразена кај младите (13,9%) и повторно расте кај лицата над 65 години (8,8%).

*Табела 9. Причини за нечленување во граѓански организации според возраста (%)*

| Причини за нечленување во граѓански организации: | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|
| Недостаток на доверба во граѓанското општество | 6,0 | 25,8 | 21,5 | 12,6 | 17,6 |
| Неинформираност | 13,9 | 2,2 | 7,8 | 7,5 | 8,8 |
| Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 31,3 | 25,3 | 24,9 | 28,0 | 13,7 |
| Лични причини (нема интерес, не сака да членува) | 33,1 | 22,6 | 28,8 | 35,6 | 47,5 |
| Финансиски (мали плати во ГО, малку придобивки) | 0,0 | 3,2 | 4,9 | 1,7 | 2,0 |
| Стигма (соросоиди, работат против државата, перат...) | 4,8 | 8,6 | 7,3 | 5,0 | 0,5 |
| Нема пристап до/можност за вклучување во ГО | 7,2 | 1,6 | 1,0 | 3,8 | 2,0 |
| Не знае/разбира што работи граѓанското општество/граѓанските организации | 1,2 | 3,2 | 2,0 | 1,7 | 2,9 |
| Идеолошки разлики (вера, етникум, цели на ГО) | 0,0 | 3,2 | 1,0 | 1,7 | 0,0 |
| Големи разлики во работењето во граѓанскиот сектор во споредба со другите сектори | 0,0 | 2,2 | 0,0 | 1,7 | 2,9 |

Според етничката припадност на испитаниците (табела 10), кај етничките Македонци значително почесто како причина за нечленување се наведува „недостаток на доверба во граѓанското општество" (18,5%), додека кај етничките Албанци овој процент е речиси двојно понизок (9,7%). Исто така, „лични причини" се нешто почесто наведени од страна на етничките Албанци (37,0%) во споредба со етничките Македонци (33,8%), додека кај Албанците е позастапена и причината „презафатеност" (29,2% наспроти 23,0%). Разликите кај останатите причини се мали и незначителни.

Во однос на местото на живеење, нема значителни отстапувања од националниот просек. Најчесто наведувани причини за нечленување се „лични причини" и „презафатеност" и кај урбаното и кај руралното население, со само неколку процентни поени разлика. Единствено, „неинформираноста" е нешто почесто наведена од страна на урбаното население (9,4%) во споредба со руралното (5,5%).

*Табела 10. Причини за нечленување во граѓански организации според етничка припадност и место на живеење (%)*

| Причини за нечленување во граѓански организации: | Етн. Мак. | Етн. Алб | Рурално | Урбано |
|---|---|---|---|---|
| Недостаток на доверба во граѓанското општество | 18,5 | 9,7 | 15,5 | 17,6 |
| Неинформираност | 7,4 | 9,2 | 5,5 | 9,4 |
| Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 23,0 | 29,2 | 25,8 | 23,7 |
| Лични причини (нема интерес, не сака да членува) | 33,8 | 37,4 | 36,1 | 32,4 |
| Финансиски (мали плати во ГО, малку придобивки) | 3,0 | 1,0 | 2,4 | 2,4 |
| Стигма (соросоиди, работат против државата, перат...) | 5,7 | 4,1 | 4,5 | 5,6 |
| Нема пристап до/можност за вклучување во ГО | 1,9 | 4,1 | 3,7 | 2,6 |
| Не знае/разбира што работи граѓанското општество/граѓанските организации | 2,3 | 2,6 | 1,6 | 2,6 |
| Идеолошки разлики (вера, етникум, цели на ГО) | 1,5 | ,0 | 1,6 | 1,0 |
| Големи разлики во работењето во граѓанскиот сектор во споредба со другите сектори | 1,5 | ,5 | 1,3 | 1,5 |

Податоците, според планските региони, укажуваат на одредени географски варијации во перцепциите за причините за нечленување во граѓански организации (табела 11). Најчесто споменуваната причина на национално нив, личните причини, е најзастапена во Пелагонискиот регион (51,7%), што значително отстапува од националниот просек од 33,8%. Во Југозападниот регион, презафатеноста (40,0%) и финансиските причини (11,0%) се највисоко регистрирани во однос на другите региони.

Источниот регион предводи во однос на перцепираниот недостаток на доверба во граѓанскиот сектор (28,8%), додека највисоко ниво на неинформираност е забележано во Североисточниот регион (22,5%), речиси три пати повисоко од националниот просек (7,9%). Вардарскиот регион се издвојува со највисок процент на испитаници кои како причина ја наведуваат стигмата кон граѓанските организации (25,0%).

Покрај тоа, Полошкиот регион е единствен каде што 8,5% од испитаниците рекле дека не знаат што работат граѓанските организации, значително повисоко од националниот просек од 2,2%. Североисточниот регион има највисока застапеност на оние што сметаат дека немаат пристап до граѓанските организации (5,0%), додека Југозападниот регион повторно се издвојува со повисоки вредности за идеолошки разлики (4,0%) и перцепции за големи разлики во работните услови во граѓанскиот сектор во споредба со другите сектори (6,0%).

*Табела 11. Причини за нечленување во граѓански организации по плански региони (%)*

| Причини за нечленување во граѓански организации: | Регион каде причината е најчесто наведена | |
|---|---|---|
| | Регион | % |
| Недостаток на доверба во граѓанското општество | Источен | 28,8 |
| Неинформираност | Североисточен | 22,5 |
| Презафатеност (многу обврски, немање време...) | Југозападен | 40,0 |
| Лични причини (нема интерес, не сака да членува) | Пелагониски | 51,7 |
| Финансиски (мали плати во ГО, малку придобивки) | Југозападен | 11,0 |
| Стигма (соросоиди, работат против државата, перат...) | Вардарски | 25,0 |
| Нема пристап до/можност за вклучување во ГО | Полошки | 8,5 |
| Не знае/разбира што работи ГО/ГОи | Североисточен | 5,0 |
| Идеолошки разлики (вера, етникум, цели на ГО) | Југозападен | 4,0 |
| Големи разлики во работењето во граѓанскиот сектор во споредба со другите сектори | Југозападен | 6,0 |

## Искуства и подготвеност за волонтирање во граѓански сектор

Прашани дали некогаш доброволно работеле за некоја граѓанска организација, повеќето испитаници одговориле негативно (графикон 6). За секоја наведена тематска област, најголемиот процент изразува дека не волонтирале и не би сакале да волонтираат. Овие вредности се движат од 57,8% (социјални и хуманитарни организации) до 73,3% (организации за демократија и владеење на правото), што укажува на генерално ниска мотивација или интерес за волонтерски ангажман во рамки на граѓанскиот сектор.

Најчесто споменувана област за потенцијален волонтерски ангажман е социјалната и хуманитарната сфера, 30,1% од испитаниците изјавиле дека не се вклучиле, но би сакале да волонтираат во вакви организации. Висока подготвеност за волонтирање е изразена и кај организациите за животна средина (26,5%), како и кај организациите за жени и родови прашања (21,8%) и човекови права (20,8%).

Кога станува збор за фактичко искуство со волонтирање, најголем процент на испитаници имаат волонтирано во социјални и хуманитарни организации (7,4%), организации за спорт, хоби и рекреација (4,6%) и организации за животна средина (3,8%). За останатите области, учеството во волонтерски активности е пониско од 3,5%.

Овие резултати укажуваат дека, иако волонтирањето во граѓанскиот сектор е се уште ретко практикувано, кај дел од испитаниците постои изразена волја за вклучување, особено во области кои имаат непосредно општествено влијание или се поврзани со основни човекови и еколошки прашања.

*Графикон 6. Искуства и подготвеност за волонтирање во граѓанскиот сектор (%)*



Анализата на податоците според полот покажува умерени разлики во интересот за волонтирање во различни типови организации (табела 12). Жените почесто изразиле интерес за волонтирање, особено во организации за жени и родови прашања (31,8% наспроти 11,6% кај мажите), социјални и хуманитарни организации (34,3% наспроти 25,8%) и организации за човекови права (24,3% наспроти 17,2%). Мажите поретко изразуваат интерес за волонтирање во споредба со жените, но кај одредени категории, како што се организациите за спорт, хоби и рекреација, разликите меѓу половите се многу мали. И покрај разликите во интересот, кај сите категории на организации доминира ставот „не сум, и никогаш не би волонтирал/а", особено изразен кај мажите.

*Табела 12. Искуства и подготвеност за волонтирање во граѓанскиот сектор според полот, етничката припадност и местото на живеење (%)*

| Организации за: | Искуство и подготвеност за волонтирање | Мажи | Жени | Етн. Мак | Етн. Алб | Рур. | Урб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ демократија и владеење на правото | Да | 1,8 | 2,6 | 2,5 | 2,1 | 2,6 | 1,9 |
| | Не сум, но би сакал | 17,2 | 19,7 | 16,1 | 26,2 | 20,8 | 17,1 |
| | Не сум, и никогаш не би | 74,8 | 71,8 | 77,1 | 59,5 | 68,4 | 76,3 |
| ↘ човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | Да | 2,2 | 2,6 | 2,5 | 3,1 | 3,4 | 1,8 |
| | Не сум, но би сакал | 17,2 | 24,3 | 17,0 | 35,4 | 22,4 | 19,8 |
| | Не сум, и никогаш не би | 74,4 | 66,1 | 75,7 | 47,7 | 65,0 | 73,4 |
| ↘ жени и родови прашања | Да | 2,0 | 3,6 | 3,0 | 3,1 | 2,6 | 2,9 |
| | Не сум, но би сакал | 11,6 | 31,8 | 18,1 | 34,9 | 21,3 | 22,1 |
| | Не сум, и никогаш не би | 79,1 | 58,2 | 73,8 | 47,7 | 67,6 | 69,0 |
| ↘ животна средина и природа (еколошки организации) | Да | 4,9 | 2,8 | 4,5 | 2,6 | 3,7 | 3,9 |
| | Не сум, но би сакал | 21,7 | 31,2 | 22,9 | 40,0 | 26,6 | 26,5 |
| | Не сум, и никогаш не би | 68,0 | 61,3 | 69,1 | 46,7 | 63,4 | 65,3 |
| ↘ социјални и хуманитарни организации | Да | 7,9 | 6,9 | 7,2 | 7,2 | 8,9 | 6,5 |
| | Не сум, но би сакал | 25,8 | 34,3 | 26,7 | 43,1 | 28,9 | 30,8 |
| | Не сум, и никогаш не би | 62,1 | 53,6 | 62,7 | 40,5 | 55,8 | 59,0 |
| ↘ спорт, хоби и рекреација | Да | 6,9 | 2,4 | 4,8 | 5,6 | 5,8 | 3,9 |
| | Не сум, но би сакал | 19,9 | 22,5 | 18,1 | 33,8 | 22,1 | 20,6 |
| | Не сум, и никогаш не би | 68,8 | 68,2 | 72,9 | 49,2 | 65,5 | 70,3 |
| ↘ култура и образование | Да | 4,7 | 2,2 | 2,6 | 6,7 | 4,2 | 2,9 |
| | Не сум, но би сакал | 16,8 | 29,6 | 19,3 | 38,5 | 23,9 | 22,9 |
| | Не сум, и никогаш не би | 73,6 | 61,7 | 73,7 | 44,1 | 64,5 | 69,5 |
| ↘ професионални (струкови) организации | Да | 3,4 | 1,8 | 2,0 | 4,6 | 2,6 | 2,6 |
| | Не сум, но би сакал | 19,3 | 23,3 | 18,3 | 32,3 | 23,9 | 19,7 |
| | Не сум, и никогаш не би | 70,2 | 67,3 | 73,6 | 50,3 | 62,4 | 72,6 |
| ↘ организации на потрошувачи | Да | 1,8 | 1,4 | 1,6 | 2,1 | 1,6 | 1,6 |
| | Не сум, но би сакал | 16,4 | 23,1 | 16,8 | 27,7 | 22,4 | 18,2 |
| | Не сум, и никогаш не би | 75,9 | 68,6 | 76,7 | 57,9 | 67,4 | 75,2 |

Етничката припадност на испитаниците има значително влијание врз ставовите за волонтирање во различни видови граѓански организации (табела 12). Испитаниците од албанска етничка припадност во поголем процент изразиле желба да волонтираат во речиси сите области, особено кај теми како човекови права (35,4% наспроти 17,0% кај етничките Македонци), жени и родови прашања (34,9% наспроти 18,1%), животна средина (40,5% наспроти 22,9%) и социјална заштита (43,0% наспроти 26,7%).

Од друга страна, етничките Македонци почесто се изјасниле дека не би волонтирале, при што најголеми разлики се забележуваат кај организациите за човекови права (75,7% наспроти 47,7% кај етничките Албанци), родова еднаквост (73,8% наспроти 47,7%), култура и образование (73,7% наспроти 44,1%) и потрошувачи (76,7% наспроти 57,9%). Ова укажува на пониско ниво на

интерес или повисока скепса кај оваа група за одредени општествени теми. Разликите се присутни и кај реалното искуство со волонтирање. Иако вкупниот број на оние кои веќе волонтирале е низок, испитаниците Албанци се поактивни во сите категории. Највисоки вредности се бележат кај професионалните организации (4,6% наспроти 2,0%) и еколошките организации (6,2% наспроти 4,5%).

Разликите во ставовите за волонтирање според местото на живеење се умерени, но покажуваат одредени трендови во интересот на руралното и урбаното население кон различни типови граѓански организации. Па така, интересот за волонтирање во професионални здруженија е нешто повисок кај руралните испитаници (19,0% наспроти 16,3%). Од друга страна, граѓаните што живеат во урбани средини почесто се изјасниле дека не би волонтирале во одредени типови организации, особено културни и образовни (69,6% наспроти 62,4%), еколошки (65,2% наспроти 63,4%) и за човекови права (73,4% наспроти 65,0%). Во однос на реалното искуство со волонтирање („Да, сум волонтирал/а“), разликите се многу мали и не се појавува јасна тенденција која група е поактивна, процентите варираат околу 2–4% во сите категории.

Анализата на податоците според возрасните групи покажува изразени разлики во ставовите кон волонтирањето во граѓански организации (табела 13). Помладите испитаници, особено оние на возраст од 18 до 29 години, значително почесто изјавиле дека не волонтирале, но би сакале, особено во еколошки организации (45,2%), организации за спорт и рекреација (45,2%), култура и образование (47,6%), како и во социјални и хуманитарни организации (48,8%). Од друга страна, кај постарите возрасни групи, особено кај испитаниците над 65 години, најзастапен е ставот „не сум, и никогаш не би волонтирал/а“. Во речиси сите категории, над 80% од испитаниците во оваа група не изразуваат волја за вклучување, најмногу кај организации за потрошувачи (90,2%), култура и образование (89,7%) и родова еднаквост (83,3%). Со зголемувањето на возраста, се намалува и процентот на испитаници кои би сакале да волонтираат, што укажува на јасен генерациски тренд: волјата за волонтирање е најизразена кај младите и значително опаѓа со возраста. Воедно, разликите во реално волонтерско искуство („Да“) остануваат ниски и без изразена поврзаност со возраста.

*Табела 13. Искуства и подготвеност за волонтирање во граѓанскиот сектор според возраста (%)*

| Организации за: | Искуство и подготвеност за волонтирање | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ⇘ демократија и владеење на правото | Да | 2,4 | 2,2 | 4,9 | 1,7 | ,0 |
| | Не сум, но би сакал | 35,5 | 25,8 | 12,7 | 15,1 | 7,8 |
| | Не сум, и никогаш не би | 54,8 | 65,1 | 74,1 | 79,1 | 88,2 |
| ⇘ човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | Да | 3,6 | 5,4 | 2,0 | ,8 | 1,0 |
| | Не сум, но би сакал | 41,6 | 23,7 | 19,5 | 17,2 | 6,9 |
| | Не сум, и никогаш не би | 47,6 | 65,1 | 69,3 | 77,8 | 85,3 |
| ⇘ жени и родови прашања | Да | 2,4 | 5,4 | 3,9 | 1,7 | 1,0 |
| | Не сум, но би сакал | 41,6 | 29,0 | 15,6 | 18,4 | 9,3 |
| | Не сум, и никогаш не би | 48,8 | 59,7 | 72,2 | 73,2 | 83,3 |
| ⇘ животна средина и природа (еколошки организации) | Да | 6,0 | 3,2 | 5,9 | 3,3 | 1,0 |
| | Не сум, но би сакал | 45,2 | 35,5 | 18,5 | 25,5 | 12,3 |
| | Не сум, и никогаш не би | 42,8 | 56,5 | 68,3 | 66,5 | 83,8 |
| ⇘ социјални и хуманитарни организации | Да | 10,8 | 7,5 | 9,8 | 6,7 | 2,9 |
| | Не сум, но би сакал | 48,8 | 38,7 | 26,8 | 27,6 | 13,2 |
| | Не сум, и никогаш не би | 35,5 | 47,8 | 57,1 | 61,9 | 80,9 |
| ⇘ спорт, хоби и рекреација | Да | 9,6 | 2,2 | 6,8 | 3,3 | 2,0 |
| | Не сум, но би сакал | 45,2 | 25,8 | 19,5 | 15,5 | 5,9 |
| | Не сум, и никогаш не би | 39,2 | 62,9 | 66,3 | 77,0 | 89,7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ⇘ култура и образование | Да | 9,6 | 2,2 | 2,0 | 2,5 | 2,0 |
| | Не сум, но би сакал | 47,6 | 34,4 | 19,5 | 15,9 | 5,9 |
| | Не сум, и никогаш не би | 36,7 | 54,3 | 70,2 | 78,2 | 89,7 |
| ⇘ професионални (стрзукови) организации | Да | 3,6 | 1,1 | 2,0 | 3,3 | 2,9 |
| | Не сум, но би сакал | 45,2 | 24,7 | 19,5 | 15,9 | 6,9 |
| | Не сум, и никогаш не би | 46,4 | 66,1 | 65,9 | 74,1 | 85,8 |
| ⇘ организации на потрошувачи | Да | 2,4 | 1,1 | 2,0 | 1,7 | 1,0 |
| | Не сум, но би сакал | 39,2 | 26,9 | 17,1 | 15,1 | 5,9 |
| | Не сум, и никогаш не би | 52,4 | 64,0 | 72,2 | 77,0 | 90,2 |

Податоците според планските региони покажуваат дека постојат значителни разлики во искуството и подготвеноста за волонтерски ангажман во различни типови граѓански организации (табела 14). Највисок процент на лица кои веќе имаат волонтирано во организации за демократија и владеење на правото е забележан во Североисточниот регион (2,5%), додека највисока подготвеност за волонтирање, без претходно искуство, е забележана во Југозападниот регион (на пример, 56,0% кај организации за демократија и 61,0% кај социјални организации).

Скопскиот регион, исто така, бележи високи вредности на веќе стекнато волонтерско искуство, особено кај социјални (11,5%), еколошки (6,1%) и културни организации (5,5%). Истовремено, Југозападниот регион се издвојува како најчест одговор кај речиси сите типови на организации кога станува збор за лица кои би сакале да волонтираат, но сè уште немаат направено таков чекор, со вредности меѓу 40% и 61% во зависност од областа.

Од друга страна, Вардарскиот регион најчесто се појавува со највисоки проценти на испитаници кои изјавиле дека не волонтирале и не би сакале да волонтираа – со вредности од 80% па нагоре, кај речиси сите категории. Источниот регион бележи највисок процент на испитаници кои не би сакале да волонтираат во културни и образовни организации (85,0%), како и во неколку други категории.

Овие резултати укажуваат на тоа дека подготвеноста и искуството за волонтерски ангажман се нерамномерно распределени низ регионите. Посебно високи нивоа на ангажман како реализиран, така и потенцијален, се бележат во Скопскиот и Југозападниот регион, додека повисоки нивоа на одбивање најчесто се пријавени во Вардарскиот и Источниот регион.

*Табела 14. Регионални разлики во искуството и подготвеноста за волонтирање во различни типови граѓански организации (%)*

| Организации за: | Искуство и подготв-ност за волонтирање | Регион | % |
|---|---|---|---|
| ⇘ демократија и владеење на правото | Да | Североисточен | 2,5 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 56,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Вардарски | 90,0 |
| ⇘ човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | Да | Југоисточен | 7,5 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 42,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Вардарски | 85,0 |
| ⇘ жени и родови прашања | Да | Скопски | 4,8 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 49,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Вардарски | 85,0 |
| ⇘ животна средина и природа (еколошки организации) | Да | Скопски | 6,1 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 51,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Вардарски | 80,0 |
| ⇘ социјални и хуманитарни организации | Да | Скопски | 11,5 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 61,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Источен | 77,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ↘ спорт, хоби и рекреација | Да | Скопски | 7,0 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 44,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Вардарски | 85,0 |
| ↘ култура и образование | Да | Североисточен | 10,0 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 46,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Источен | 85,0 |
| ↘ професионални (струкови) организации | Да | Североисточен | 5,0 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 54,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Вардарски | 92,5 |
| ↘ организации на потрошувачи | Да | Југоисточен | 2,5 |
| | Не сум, но би сакал | Југозападен | 49,0 |
| | Не сум, и никогаш не би | Вардарски | 92,5 |

Од испитаниците кои изјавиле дека волонтираат во граѓанска организација, беше побарано да наведат колку време (во часови годишно) го посветуваат на волонтерски активности. Податоците покажуваат дека големо мнозинство, 87,0% волонтираат до 15 часа годишно, што укажува на ограничено и повремено ангажирање. Само 5,9% изјавиле дека волонтираат помеѓу 36 и 60 часа, 3,9% вложуваат од 20 до 30 часа, додека минимални 3,2% посветуваат меѓу 69 и 100 часа годишно.

*Графикон 7. Време посветено на волонтерска работа во граѓански организации (годишно) (%)*




На прашањето дали нивното учество во граѓански организации се променило во споредба со пред пет години (графикон 8), најголемиот дел од испитаниците (86,5%) одговориле дека не учествуваат во ниту една организација, што укажува на стабилно ниско ниво на вклученост во граѓанскиот сектор. Само 1,8% изјавиле дека сега учествуваат повеќе отколку претходно, додека 4,5% оцениле дека нивната вклученост останала приближно иста. Дополнително, 7,2% одговориле дека сега учествуваат помалку отколку пред пет години.

*Графикон 8. Учеството во граѓански организации во споредба со пред пет години (%)*




На прашањето „Која е или би била Вашата мотивација за волонтирање во граѓанска организација?", повеќе од половина од испитаниците (53,2%) одговориле дека тоа го прават од чувство на граѓанска одговорност и желба за учество во активности од општ интерес (графикон 9). Дополнително образование и стекнување искуство било наведено како мотивација од 28,0% од испитаниците, додека можностите за вработување биле мотив за 18,8% од нив. Податоците упатуваат на доминантна внатрешна мотивација, заснована на вредности, со што се потврдува важноста на личната и општествената ангажираност како клучни двигатели за волонтерството.

*Графикон 9. Мотивација за волонтирање во граѓански организации*



# Прилог 1 Прашалник

## Граѓанска вклученост

1. Кој од следниве облици на здружување најмногу придонесува за поддршка на вашите потреби?

1 - Цркви и верски организации
2 - Синдикати
3 - Политички партии
4 - Граѓански организации (невладини, здруженија, фондации)
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

2. Учество во непартиски политички активности: Ве молам кажете ми дали сте учествувале, дали би учествувале или никогаш не би учествувале во следните непартиски активности:

| | | Да, сум учествувал во последните 5 г. | Не, но би учествувал | Не, и никогаш не би учествувал | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сте потпишале петиција | | | | | |
| | Сте учествувале во мирен протест (демонстрација, митинг) | | | | | |
| | Сте придружувале бојкот (некупување одредени производи, неплаќање сметки) | | | | | |
| | Сте блокирале патишта и објекти (згради, фабрики, институции) | | | | | |
| | Сте учествувале во Герила акции | | | | | |
| | Сте учествувале во Флешмоб | | | | | |
| | Друго (наведи) ____________ | | | | | |

3. (Доколку не учествувале во непартиски политички активности) Кои се причините за тоа?

| | | |
|---|---|---|
| | Неинформираност | 1 |
| | Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 2 |
| | Лични причини (нема интерес, не сака да учествува...) | 3 |
| | Нема пристап до/можност за вклучување во непартиски политички активности | 4 |
| | Не знае како да учествува во непартиски политички активности | 5 |
| | Идеолошки разлики (вера, етникум, целта на активностите ...) | 6 |
| | Разни притисоци (од работа, семејство, пријатели...) | 7 |
| | Друго: | 8 |
| | Не знам (НЕ ЧИТАЈ) | 99 |
| | Без одговор (НЕ ЧИТАЈ) | 0 |

4. (Доколку не членуваат во граѓански организации) Кои се причините за тоа?

| | | |
|---|---|---|
| | Недостаток на доверба во граѓанското општество | 1 |
| | Неинформираност | 2 |
| | Презафатеност (многу обврски, немање време...) | 3 |
| | Лични причини (нема интерес, не сака да членува...) | 4 |
| | Финансиски (мали плати во ГО, малку придобивки ...) | 5 |
| | Стигма (соросоиди, работат против државата, перат пари...) | 6 |
| | Нема пристап до/можност за вклучување во граѓански организации (немал контакт со ГО, со ГОи...) | 7 |
| | Не знае/разбира што работи граѓанското општество/граѓанските организации | 8 |
| | Идеолошки разлики (вера, етникум, цели на граѓанското општество ...) | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Големи разлики во работењето во граѓанскиот сектор во споредба со другите сектори | 10 |
| | Друго: | 11 |
| | Не знам (НЕ ЧИТАЈ) | 99 |
| | Без одговор (НЕ ЧИТАЈ) | 0 |

**5. Дали некогаш доброволно сте работеле за некоја граѓанска организација (можете да одберете повеќе опции):**

| | | Да | Не сум, но би сакал | Не сум, и никогаш не би волонтирал | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организации за демократија и владеење на правото | | | | | |
| | Организации за човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | | | | | |
| | Организации за жени и родови прашања | | | | | |
| | Организации за животна средина и природа (еколошки организации) | | | | | |
| | Социјални и хуманитарни организации | | | | | |
| | Организации за спорт, хоби и рекреација | | | | | |
| | Организации за култура и образование | | | | | |
| | Професионални (струкови) организации | | | | | |
| | Организации на потрошувачи | | | | | |

**6. АКО ДА, колку време: часа/годишно 99 - Не знам 0 - БО**

**7. Ако споредите со периодот пред пет години, дали во овие организации сега учествувате:**

1 – Повеќе 2 - Речиси исто 3 - Помалку 4 - Не учествувам во ниедна

**8. Која е/би била Вашата мотивација за волонтирање во граѓанска организација?**

1- Граѓанска одговорност и учество во активности од граѓански интерес

2 - Можности за вработување

3 - дополнително образование/ стекнување искуства

# Прилог 2. Структура на примерок

| Пол | |
|---|---|
| Маж | 49,3 |
| Жена | 50,7 |
| **Возраст** | |
| 18-29 | 16,6 |
| 30-39 | 18,6 |
| 40-49 | 20,5 |
| 50-64 | 23,9 |
| 65+ | 20,4 |
| **Етничка припадност** | |
| Македонец/ка | 73,4 |
| Албанец/ка | 19,5 |
| Турчин/ка | 2,0 |
| Ром/ка | 2,7 |
| Србин/ка | 1,4 |
| Бошњак/чка | 0,4 |
| **Религиска припадност** | |
| Православна | 75,5 |
| Исламска | 24,1 |
| Католичка | 0,2 |
| Друга | 0,2 |
| Не сака да одговори | 75,5 |
| **Религиозност** | |
| Религиозна личност | 90,5 |
| Нерелигиозна личност | 7,7 |
| Атеист | 0,9 |
| Не сака да одговори | 0,9 |
| **Работен статус** | |
| Вработен во јавен сектор | 20,9 |
| Вработен во приватен сектор | 36,4 |
| Вработен во граѓански сектор | 0,2 |
| Студент | 5,4 |
| Ангаржиран/а во домашни обврски | 1,4 |
| Невработен | 9,8 |
| Пензионер | 23,0 |
| Земјоделец | 0,8 |
| Друго | 1,7 |
| Не сака да одговори | 0,4 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | |
| Висока класа | 1,9 |
| Повисока средна класа | 19,5 |
| Пониска средна класа | 32,7 |
| Работничка класа | 34,8 |
| Пониска класа | 9,3 |
| Не знам | 0,6 |
| Без одговор | 1,2 |
| **Образование** | |
| Незавршено основно | 1,4 |
| Основно | 7,4 |
| Средно | 57,0 |
| Вишо, високо | 30,3 |
| Магистерски студии | 3,3 |

| Место на живеење | |
|---|---|
| Рурално (село) | 38,0 |
| Урбано (град) | 62,0 |
| | |
| **Месечни приходи** | |
| 1 - 6000 ден. | 1,5 |
| 6001 – 9000 ден. | 4,1 |
| 9001 – 12.000 ден. | 4,5 |
| 12.001 – 15.000 ден. | 5,5 |
| 15.001 – 18.000 ден. | 5,8 |
| 18.001 – 24.000 ден. | 12,6 |
| 24.001 – 30.000 ден. | 11,9 |
| 30.001 – 40.000 ден. | 8,6 |
| 40.001 – 50.000 ден. | 8,2 |
| 50.001 – 60.000 ден. | 6,5 |
| 60.000+ ден. | 8,6 |
| Не знае | 6,8 |
| Одбива да одговори | 15,4 |
| **Политичка ориентација** | |
| 1 - Лево | 8,4 |
| 2 | 2,9 |
| 3 | 6,7 |
| 4 | 4,3 |
| 5 | 26,9 |
| 6 | 6,3 |
| 7 | 2,9 |
| 8 | 6,3 |
| 9 | 1,8 |
| 10 - Десно | 10,7 |
| Не знае | 7,2 |
| Без одговор | 15,6 |
| **Симпатизер на политичка партија** | |
| ВМРО-ДПМНЕ | 27,3 |
| СДСМ | 14,2 |
| ДУИ | 5,7 |
| Други | 8,0 |
| Не сум симпатизер на политичка партија | 36,7 |
| Не знае /Без одговор | 8,1 |
| **Регион** | |
| Скопски | 33,0 |
| Југоисточен | 8,0 |
| Источен | 8,0 |
| Североисточен | 8,0 |
| Вардарски | 8,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 13,0 |
| Пелагониски | 12,0 |